МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 1868/2
Датум: 16.03.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 15.03.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Бриселска“ бр.18А по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел PVC NAY2Y-J 4x50мм2, заради реализација на нов приклучок за барател Меџити Фатмир.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел PVC NAY2Y-J 4x50мм . Трасата за новата електрична инсталација започнува со поврзување со спојка со постоечки кабел лоциран на тротоар од бекатонска подлога на ул.„Бриселска“ бр.18А од каде што продолжува по истиот тротоар се до новопредвидено КРО F3 и МРО 1 лоцирани пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 25 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 3.540,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*